Врз основа на член 32 став 5 од Законот за метрологија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 55/2002), министерот за економија донесе

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ ЗА УПИС НА ОЗНАКИТЕ И СЕРТИФИКАТИТЕ ЗА СООБРАЗНОСТ НА ТИПОТ НА МЕРИЛАТА И ОЗНАКИТЕ И ЖИГОВИТЕ, ОДНОСНО СЕРТИФИКАТИТЕ ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МЕРИЛАТА ОД СТРАНСКО ПОТЕКЛО И ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ И НА РЕШЕНИЕТО СО КОЕ СЕ ОДБИВА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ

Член 1

Во Правилникот за формата,содржината и начинот на водење на регистерот за упис на ознаките и сертификатите за сообразност на типот на мерилата и ознаките и жиговите, односно сертификатите за верификација на мерилата од странско потекло и за формата и содржината на решението за упис во регистарот и на решението со кое се одбива упис во регистарот (“Службен весник на Република Македонија” број 56/05) во член 2 став 1, точка 8 по зборовите “сертификат за” се додава зборот “прва”, а по зборот “верификација” се додаваат зборовите “односно калибрација”.

Во точката 12 по зборот забелешка се додаваат зборовите: "(Решение донесено врз основа на доставената документација и изјавата за предвидената намена од подносителот )".

Член 2

Во член 3 став 1 точка 4. по зборот “сообразност” се додаваат зборовите “на типот”, а во заградата по зборовите „10 календарски години„ се додаваат зборовите “или ист како сертификатот за прва верификација на поединечни мерила”.

По точката 5. знакот запирка се заменува со сврзникот “и” и се додава нова точка 6. која гласи:

“6. регистарски број од уписот”.

Образецот на Регистарот, Решението за упис во Регистарот на Бирото за метрологија и Решението за одбивање упис во Регистарот на Бирото за метрологија се дадени во прилог 1, 2 и 3 и се составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 25-3903/5
17 јули 2006 година
Скопје

Министер за економија,
м-р **Фатмир Бесими,** с.р.

**Прилог 1**

## Регистар на Бирото за метрологија за упис на сертификатите и ознаките за сообразност на типот на мерилото и ознаките и жиговите, односно сертификатите за верификација од странско потекло

| | | | |
|---|---|---|---|
| 13 | забелешка (Решение донесено врз основа на доставената документација и изјавата за предвидената намена од подносителот | | |
| 12 | дата на издавање на Решението | | |
| 11 | назив и адреса на инситуцијата што издала жигот/ сертификат за верификација | | |
| 10 | година на жигосување | | |
| 9 | број и дата на сертификатот за верификација/ калибрација од странско потекло | | |
| 8 | назив и адреса на сертификационото тело | | |
| 7 | број и дата на сертификатот за оцена на сообразност на типот од странско потекло | | |
| 6 | фирма и седиште на производителот на мерилото | | |
| 5 | ознака на типот на мерилото | | |
| 4 | регистарска ознака на упис во Регистерот | | |
| 3 | подносител на барањето | | |
| 2 | дата на прием на барањето | | |
| 1 | број (заведен) | | |

**Прилог 2**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
*Биро за метрологија*
*Бул. Јане Сандански 109 а Скопје*
*Тел 2403 676, Факс 2444677*
Број
Дата

Врз основа на член 32 став 3 од Законот за метрологијата ("Сл. весник на Република Македонија", бр. 55/2002), а по барање на подносителот:

______________________________________________

(правно или физичко лице)

______________________________________________

Бирото за метрологија на Република Македонија донесе:

***Р Е Ш Е Н И Е***
***за упис во Регистерот на Бирото за метрологија***

*НАЗИВ НА МЕРИЛО:*

______________________________________________

*ОЗНАКА НА ТИП:*

______________________________________________

*НАЗИВ, СЕДИШТЕ И ЗНАК НА ПРОИЗВОДИТЕЛ:*

______________________________________________

*РЕГИСТАРСКИ БРОЈ ОД УПИСОТ:*

______________________________________________

*РОК НА ВАЖНОСТА НА РЕШЕНИЕТО:*

______________________________________________

Со ова решение се признаваат за важечки сертификатите и ознаките за сообразност на типот на мерилата и ознаките и жиговите, односно сертификатите за верификација на мерилата од странско потекло. (непотребното да се прецрта)

Да се достави до:

1. Архива
2. Странката

Овластено лице
(име и презиме)

______________________

(М.П.)

**Прилог 3**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
*Биро за метрологија*
*Бул Јане Сандански 109 а Скопје*
Број…………..
Дата…………

Врз основа на член 32 став 5 од Законот за метрологија ("Сл. весник на Република Македонија", бр. 55/2002), а по барање на подносителот:

______________________________________________________________

(правно или физичко лице)

______________________________________________________________

Бирото за метрологија на Република Македонија донесе:

***Р Е Ш Е Н И Е***
***за одбивање упис во Регистерот на Бирото за метрологија***

*НАЗИВ НА МЕРИЛО:*

______________________________________________

*ОЗНАКА НА ТИП*
*НА МЕРИЛО:*

______________________________________________

*НАЗИВ, СЕДИШТЕ И ЗНАК*
*НА ПРОИЗВОДИТЕЛ:*

______________________________________________

*ПРИЧИНА ЗА ОДБИВАЊЕ:*

______________________________________________

______________________________________________

Со ова решение не се признаваат за важечки сертификатите и ознаките за сообразност на типот на мерилата и ознаките и жиговите, односно сертификатите за верификација на мерилата од странско потекло. (непотребното да се прецрта)

Поука за правно средство: Против ова решение може да се изјави жалба до министерот за економија во рок од осум дена од денот на прием на ова решение.

Да се достави до:

1. Архива
2. Странката

Овластено лице
(име и презиме)

________________

(М.П.)